# ДЕТЕ - АТОПИЧАР

Кога ќе кажеме дека детето боледува од атопичен дерматитис, тоа значи дека детето има наследна склоност кон алергија од еден или двата родители. Не се наследува болеста, туку конституција на организмот да реагира со алергична реакција. Кога ќе ги прашаме родителите ќе дознаеме дека тие исто така се атопични, со дерматитис или бронхијална астма, поленска кивавица или друга алергична манифестација. Често пати детето освен кожни промени има и некоја од овие други алергиски болести.





Атопичнмиот дерматитис има хроничен и реверзибилен карактер, некогаш промените се поизразени, а некогаш се повлекуваат. Обично, ако е придружен со други болести и тие се потенцирани во исто време.

Првите кожни промени почнуваат кај бебето, меѓу вториот и шестиот месец по раѓањето. Клиничките симптоми се најчесто на лицето, шепите и колениците, поради лазење, а многу ретко по целото тело. Откако ќе наполни 18 месеци промените најчесто се концентрираат на внатрешните страни на зглобовите на рацете и нозете, свиткувачки регии и вратчето.

Кои се симптомите?

Прво се јавува интензивен јадеж, кој го тера детето да се чеша и да се разранува. На кожата се јавува ситен црвен осип (папулки). Колку е детето помладо толку е поголема склоноста тие да се исполнети со течност. При чешање пукаат и течноста се засушува, се создаваат крастички по образите и другите свиткувачки регии. По заздравувањето на овие промени тие места можат да останат потемно кафеафкасто обоени, што е минлива промена. При чешање може да дојде до секундарна инфекција на примарната болест и затоа се препорачува често кратење на ноктите.

Симптомите се слични со болеста „детски екцем" која се разликува од атопичниот дерматитис, по тоа што екцемот е стекната, а атопијата е наследна болест. Најчесто атопичарите имаат кафени очи, а децата со екцем сини очи. Наследената алергија е најчесто на храна, а поретко на инхалациони алергии. Провоцирачки фактор за појава на кожните промени се и благите инфекции на горните дишни патишта.

Слични симптоми на атопичниот дерматитис има и диссебороичниот дерматитис кој се јавува исто кај доенчињата. Затоа дерматологот е тој кој ќе издеференцира точно за која болест се работи, за да преземе адекватни мерки.

Прво се советува да не се внесува храна со конзерванси. За смирување на акутниот стадиум се препорачуваат облоги од чај од камилица, кои ќе го смират црвенилото и влажење на промените. Антихистамински сируп го смирува јадежот. За локално лекување исклучиво лекарот одредува која кортикостероидна маст ќе се употребува, бидејќи кожата на бебето е многу нежна и чувствителна. Во потешки форми може да одреди и кортикостероидни таблети дозирани зависно од тежината на клиничката слика и телесната тежина на детето.

Во секој случај треба сериозно да се сфати состојбата и да се побара помош од дерматолог, бидејќио детето атопичар полошо ги прима придружните други инфекции, како бактериски, така и вирусни, а се забранува и давање на вакцини кога болеста е во акутна фаза.



Пишува:
д-р Светлана Петрушевска Костиќ


## ИМАТЕ ЛИ ПРОБЛЕМИ СО КОЖАТА?

**ОРДИНАЦИЈА ЗА КОЖНО - ВЕНЕРИЧНИ БОЛЕСТИ**

**Д-Р СВЕТЛАНА**

- ДИЈАГНОЗА И ТЕРАПИЈА НА КОЖНО - ВЕНЕРИЧНИ БОЛЕСТИ

МЕДИЦИНАТА ВО СЛУЖБА НА ЕСТЕТИКАТА

- ТРЕТМАНИ НА АКНИ И ДРУГИ ВИДОВИ ПРОБЛЕМАТИЧНА КОЖА (ВО ПУБЕРТЕТ И КАЈ ВОЗРАСНИ)
- УСПЕШНО ЛЕКУВАЊЕ НА ЦЕЛУЛИТ И ВИШОК НА КИЛОГРАМИ
- ТРАЈНО ОТСТРАНУВАЊЕ НА ВЛАКНА ОД ЛИЦЕ ИЛИ ТЕЛО СО ДВА МЕТОДА:
  - ЕЛЕКТРОЕПИЛАЦИЈА СО СОНДА
  - ЕЛЕКТРОЕПИЛАЦИЈА СО ИГЛА
  (И ДВЕТЕ ГАРАНТИРАНО БЕЗ БОЛКА)
- ЕЛЕКТРОКОАГУЛАЦИЈА НА ПРОШИРЕНИ КАПИЛАРИ
- КРИО ТЕРАПИЈА (СМРЗНУВАЊЕ) НА БРАДАВИЦИ, КУРЈЕ ОКО, АКНИ, ЛУЗНИ
- **АНА ПИЛИНГ СО ОВОШНИ КИСЕЛИНИ (ФЛЕКИ, ЛУЗНИ, БРЧКИ И ПОДМЛАДУВАЊЕ**

КОНТАКТ ТЕЛЕФОН 239 - 082

Адреса: Ул. "11 Октомври" бр. 16/29
(во кула до Зеленото пазарче)